**Совет на општина Кратово**
**Бр.09- 123/1**
**24.01.2023 година**
**Кратово**

Врз основа на член 39 став 1 и 2 и член и член 48 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно 25 од Статутот на општина Кратово и член 35 од Деловникот на Советот на општина Кратово на ден 24.01.2023 година, донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на осумнаесеттата седница**
**на советот на општина Кратово**

Ја свикувам осумнаесеттата седница на советот на општина Кратово **која ќе се одржи на ден 31.01.2023 година (Вторник)** во салата за седници на Советот на Општина Кратово **со почеток во 11 часот.** За седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

-Предлог-Записник од седумнаесеттата седница на советот на општина Кратово одржана на ден 27.12.2022 година;

**1.**Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2023 година;

**2.**Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година;

**3.**Предлог-Одлука за усвојување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Македонска Каменица за извршување на надлежноста од областа на внатрешната ревизија;

**4.**Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово за 2023 година;

**5.**Правилник со Предлог-Одлука за усвојување на Правилник за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Кратово и за начинот на користење на приватните возила за службени потреби на општина Кратово;

**6.**Правилник со Предлог-Одлука за усвојување на Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во општина Кратово;

**7.**Предлог-Одлука за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Кратово;

**8.**Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2022 година;

**9.**Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во општина Кратово за 2022 година;

**10.**Предлог-Одлука за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2023 година;

**11.**Предлог-Одлука за утврдување на бесправен објект за кој може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во урбанистичк-планска документација, К.П.бр.1693 за КО Железница, општина Кратово;

**12.**Финансиски извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;

**13.**Измена на Финансов план со Предлог-Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово;

**14.**Предлог-Одлука/и за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово;

**15.**Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Кратово за 2022 година;

**16.**Годишна Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на Локален младински совет на општина Кратово за 2023 (Јануари 2023-Декември 2023);

**17.**Годишна програма со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2023 година;

**18.**Годишен извештај со Предлог-Заклучок за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2022 година; и

**19.**Прашања и предлози.

На седницата е поканет Градоначалникот на општина Кратово и Раководители на јавни претпријатија, установи и органи на управата на локалната самоуправа одговорни за својата работа пред Советот на Општина Кратово.

Се известуваат поканетите службени лица за задолжително присаство на седницата на Советот.

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова

**Изр.** Љ/Г